ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 19 став 2 од Статутот на Општина Валандово и член 60 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Валандово, донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на деветтата редовна седница**
**на Советот на Општина Валандово**

Ја свикувам деветтата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Седницата ќе се одржи на ден 29 април 2026 година (среда) во __,00 часот, во салата за седници на Советот на Општина Валандово.

За работа на деветтата редовна седница го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 31.03.2026 година;
2. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година;
3. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2026 до 31.03.2026 година;
4. Одлука на Управен одбор на ЈП „Комунален сервис” Валандово за измена на Ценовник за услуги на ЈП „Комунален сервис” Валандово;
5. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година;
6. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2026 година;
7. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година;

8. Предлог – Одлука за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава;

9. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија;

10. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на СОУ „Гоце Делчев" Валандово;

11. Предлог - Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 33-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" - Чалакли, Валандово;

12. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово за организација и реализација на Меѓународен Мастер куп;

13. Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2025 година;

14. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис" Валандово;

15. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово;

16. Предлог – Одлука за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово;

17. Предлог – Решение за разрешување и именување на претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка" Валандово.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Претседател
Марија Чурлинова